Смрт на фашизмот — слобода на народот!

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ракописите се испраќаат во дуплификат на адреса: „Службен весник на НРМ"-Скопје. Огласи по тарифата

СКОПЈЕ
Среда, 5 февруари 1958
Број 3 Година XIV

Претплатата за 1958 год. изнесува 1.000 дин. Овој број чини 35 дин. Чековна сметка број 802-Т-698.

6.

На основа член 32 став 4 од Уредбата за спроведување на Законот за здравствено осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 55/54) и член 44 ст. 5 од Уредбата за финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 12/55 г.), Извршниот совет ја донесува следната

ОДЛУКА
ЗА ПРИМАЊАТА ВО НАТУРА ШТО СЕ СОСТАВЕН ДЕЛ НА ПЛАТАТА И НИВНАТА ПАРИЧНА ВРЕДНОСТ

1.

Како составен дел на платата се сметаат следните примања во натура, доколку лицата во работен однос за тие примања не даваат никаква парична противвредност:

а) стан,

б) целокупна или делумична исхрана,

в) осветление,

г) огрев и

д) други примања во натура како што се: прехранбени артикли, облека, обувки, дел од приплодот на добитокот, добиточна храна и сл.

2.

Не се сметаат како примања во натура во смисла на оваа одлука:

а) времето сместување на лица во работен однос на терен, и

б) правата што ги уживаат лицата во работен однос во врска со природата на работата што ја вршат, правата при патувањето, правата во облека, стан, посебни оброци на храна и слично и други периодични и еднократни примања во натура што не влегуваат во редовната плата, а се даваат на основа постојните прописи.

3.

Паричната вредност во натура предвидена во точка 1 од оваа одлука се утврдува со следните месечни износи:

1. Целокупна исхрана (појадок, ручек и вечера) 2.600 дин.

2. Главен оброк (ручек), (45 дин. еден) 1.170 дин.

3. Главен оброк (вечера) 35 дин.) 910 дин.

4. Два главни оброка (ручек и вечера) 2.080 дин.

5. Спореден оброк (појадок или ужина 20 дин.) 520 дин.

6. Еден главен и еден спореден оброк (појадок и ручек) 1.690 дин.

7. Еден главен оброк и еден спореден оброк (појадок или ужина и вечера) 1.430.

8. Осветление (за една просторија) 60.

9. Загревање на простории (една просторија) 300.

10 Висина на станарината ќе се пресметнува во квадратен метар придружувајќи се по прописите за управување на станбените згради, а имајќи ја предвид зоната во која се наоѓа станбената зграда, категоријата и квалитетот на станот и одредената тарифа.

11. За другите примања во натура, пресметнувањето се врши спрема нивната вредност, а по просечните месни пазарни цени од минатата година.

Изнајдувањето на дневниот износ на давањето во натура се врши на тој начин што месечните износи се делат со 30 дена.

4.

Упатства за применување на оваа одлука спрема потреба ќе донесува Секретаријатот за труд на НРМ.

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1958 година.

ИС бр. 228
23 декември 1957 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар, **Васил Ѓоргов, с. р.**

Претседател, **Љупчо Арсов, с. р.**

7.

На основа чл. 5 и 57 од Уредбата за данокот на доход („Службен лист на ФНРЈ", бр. 56/53) и дел I и III од Одлуката за стопите на данокот на доход за 1958 година Извршниот совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ОДРЕДУВАЊЕ СТОПИТЕ НА ДАНОКОТ НА ДОХОД ОД СЕЛСКОТО СТОПАНСТВО И НАЧИНОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ДАНОК НА ДОХОД ВО ПОСТОЈАНЕН ИЗНОС ЗА 1958 ГОДИНА

I.

За 1958 година се одредуваат следните стопи за данокот на доход од селското стопанство и тоа:

На даночна основица	Даночна стопа во %
до 30.000	14
Преку 30.000— 50.000	16
„ 50.000— 80.000	18
„ 80.000—120.000	20
„ 120.000—160.000	23
„ 160.000—200.000	26
„ 200.000—250.000	29
„ 250.000—300.000	32
„ 300.000—400.000	35
„ 400.000—500.000	38
„ 500.000—600.000	41
„ 600.000—700.000	44
„ 700.000	44

II.

За одржување, управување и амортизација на зградите кои што не се вклучени во станбена заедница се признаваат трошоци во износ од 30% од бруто приходот.

За делот на приходот од зградите кои се вклучени во станбената заедница даден на сопственикот не се признаваат никакви трошоци.

III.

Народниот одбор на околијата ќе определи данок на доход во постојанен износ спрема големината на местото во кое се обавува дејноста, а во границите на населените места и тоа одделно:

за места до 5.000 жители
за места преку 5.000 до 20.000 жители
за места преку 20.000 до 50.000 жители
за места преку 50.000 до 100.000 жители
за места преку 100.000 жители

Даночните обврзници кои плаќаат данок на доход во постојанен износ не плаќаат данок на промет.

IV.

Ова одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1958 година.

ИС бр. 1
7 јануари 1958 година
Скопје

Извршен совет

Секретар,
Васил Ѓоргов, с.р.

Потпретседател
на Извршниот совет,
Страхил Гигов, с.р.

8.

На основа член 20 став 3 и член 26 став 1 од Законот за органите на управата во Народна Република Македонија во врска со член 14 од Уредбата за стручни школи, Советот за школство на НРМ донесува

ПРАВИЛНИК
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЗАВРШНИТЕ ИСПИТИ ВО МАЈСТОРСКИТЕ ШКОЛИ

Член 1

Во ставот 1 член 18 од Правилникот за завршниот испит во мајсторските школи („Службен весник на НРМ" бр. 22/57) се додава нова алинеа која гласи:

Рударска

1. Македонски јазик
2. Математика
3. Рударство

Член 2

Во член 30 се додава нова алинеа која гласи:

Рударска

1. Македонски јазик
2. Математика
3. Рударство
4. Рударско машинство

Член 3

Овој Правилник влегува во сила веднаш, а ќе се објави во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 4631/57
18 декември 1957 година
Скопје

Претседател
на Советот за школство на НРМ,
П. Здравковски, с.р.

9.

На основа член 34 став 2 од Законот за заштита на стрмните земјишта од ерозија и за уредување на порои, Секретаријатот за шумарство на Извршниот совет донесува

ПРАВИЛНИК ЗА КОЛАУДИРАЊЕ НА ИЗВЕДЕНИТЕ РАБОТИ ЗА ЗАШТИТА НА СТРМНИТЕ ЗЕМЈИШТА ОД ЕРОЗИЈА И ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПОРОИ

Член 1

По овој Правилник ќе се примаат по пат на колаудација извршените шумско мелиоративни — пасторално-мелиоративни работи и агротехнички мерки на стрмните земјишта и во пороите за спречување на ерозијата, како и оние градежни работи и објекти кои се конструирани да прават целина со биолошките мерки, а се одликуваат од останатите градежни работи по својата намена и улога, така што на нив поради нивната техничка конструкција, издржливост и трајност, не можат да се применат градежните прописи.

Член 2

Колаудирање на извршените работи за заштита на стрмните земјишта од ерозија и за уредување на пороите се врши со комисија.

Комисијата за колаудирање ја формира со решение инвеститорот на чии товар паѓаат и трошоците на комисијата.

Член 3

Во комисијата учествуваат: претставител на инвеститорот, претставител на изведувачот и претставител на техничката секција за заштита на стрмните земјишта од ерозија и за уредување на порои на народниот одбор на околијата на чија територија се колаудираат објектите или работите.

Член 4

Доколку техничката секција за заштита на стрмните земјишта и за уредување на порои е инвеститор или изведувач на објектите или работите, како член на комисијата учествува лице кого ќе го одреди управниот орган надлежен за земјоделство односно шумарство на народниот одбор на општината.

Член 5

По завршување на објектот или работата, а најдоцна до крајот на првиот месец по завршувањето на календарската година (до 31.I.), изведувачот е должен да ги изврши сите припремни работи за предавање на објектот или работата и за тоа да го извести инвеститорот и предложи свој член во комисијата.

По добивањето извештајот од изведувачот, инвеститорот по претходно добиена согласност од членовите на комисијата донесува решение и го одредува датумот за работа на комисијата.

Член 6

Комисијата врши на теренот квалитативен и квантитативен преглед и прием на секој објект или работа, а во канцеларија врши сравнување со финансовата документација.

Член 7

Приемот се врши:

— за градежните работи квалитативен и квантитативен во онаа состојба во која се предаваат објектите;

— за биолошките работи квалитативен и квантитативен по истекот на еден вегетационен период. Во случај да не е изминат еден вегетационен период, работите се примаат само квантитативно, а квалитативниот прием се одлага додека не измине еден вегетационен период.

Покрај приемот на објектите комисијата врши увид и на преостанатите исплатени а неутрошени материјали.

Член 8

Во време на работата на комисијата изведувачот е должен на комисијата да и' ја стави на располагање за преглед сета техничка документација со која се работи: проекти, градежна книга, налози на инспекцијата и надзорните органи и слично, како и да дозволи увид во паричната документација за дотичниот објект или работа.

Член 9

Изведувачот е должен да и' обезбеди на комисијата превозно средство за патување по објектите, како и да и' даде бесплатна работна рака и потребен алат за сите видови работи околу контролата на извршените работи.

Член 10

Своите наоди комисијата ги констатира записнички.

Записникот се составува во три еднообразни примерци од кои еден се предава на изведувачот, еден на инвеститорот, а еден на техничката секција за заштита на земјиштето од ерозија и за уредување на порои на народниот одбор на општината или околијата во чии состав се наоѓа секцијата.

Член 11

По завршувањето на колаудацијата, завршените објекти и работи се предаваат на чување и редовно одржување на секцијата за заштита на стрмните земјишта и за уредување на порои односно на управниот орган надлежен за земјоделство односно шумарство на народниот одбор на општината.

Член 12

Овој правилник влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 1543
6 декември 1957 година
Скопје

Секретар за шумарство на Извршниот совет,
Инж. Борис Грујоски, с.р.

10.

На основа член 30 став 2 од Законот за заштита на стрмните земјишта од ерозија и за уредување на пороите, Секретаријатот за шумарство на Извршниот совет донесува

ПРАВИЛНИК
ЗА РЕВИЗИЈА НА ОСНОВИ И ПРОЕКТИ ЗА ЗАШТИТА НА СТРМНИТЕ ЗЕМЈИШТА ОД ЕРОЗИЈА И УРЕДУВАЊЕ НА ПОРОИ

Член 1

Основите и проектите, изработени за заштита на стрмните земјишта и за уредување на пороите, подлежат на стручна ревизија.

Со ревизијата на основите и проектите сестрано се испитуваат и утврдуваат техничките решенија и економичноста на тие решенија за заштита на стрмните земјишта од ерозија и за уредување на пороите.

Проектниот елаборат (основа или проект) го поднесува на ревизија инвеститорот, на чиј товар паѓаат и трошоците околу ревизијата.

Член 2

Не подлежат на задолжителна ревизија по член 1 од овој Правилник:

— детални проекти за премостување на пороите со сообраќајници, канали и друго кои се составни делови на ревидирани главни проекти од дотичната градба;

— детални изведувачки проекти од ревидирани и одобрени главни проекти за уредување на пороите;

— детални изведувачки проекти за преориентација на земјоделските површини од едногодишни во повеќегодишни култури за површини помали од 0,5 ха за кои има ревидирана и одобрена основа;

— детални изведувачки проекти за пошумување или затревување на голините, за мелиорација на пасишта и шикари за површини помали од три хектари за кои има ревидирана и одобрена основа.

Член 3

Ревидирањето на основите и проектите за заштита на стрмните земјишта и за уредување на пороите го вршат комисии.

Комисија за ревидирање на основи образува Секретаријатот за шумарство на Извршниот совет и народните одбори на околиите.

Комисии за ревизија на проекти образуваат:

— народните одбори на општините за објекти кои се финансираат од средствата на општината или од средствата на фондовите со кои располагаат народните одбори на општините;

— народните одбори на околиите за објекти кои се финансираат од средствата на околијата или од средствата на фондовите со кои располага народниот одбор на околијата;

— Секретаријатот за шумарство на Извршниот совет за објекти кои се финансираат од републички средства или републички фондови;

— членовите на комисиите при народните одбори ги определува советот надлежен за работи на шумарството на народниот одбор, а членовите на комисиите при Секретаријатот за шумарство на Извршниот совет ги определува секретарот.

Член 4

Комисијата ја сочинуваат: претседател, секретар, потребен број стручњаци — ревиденти (не помалку од два) и проектантот.

Претседателот и секретарот се постојани членови на комисијата, а останатите се бираат од редовите на стручњаците по материите што се третират во елаборатот. Зависно од значајот на објектот, претседателот и секретарот одлучуваат дали да се поканат во комисијата и претставници од други стопански гранки или установи кои се заинтересирани за објектот.

Член 5

Претседателот и два члена од комисијата бездруго треба да бидат стручњаци по ерозија и порои, а останатите членови ревиденти треба да бидат стручњаци по останатите проблеми што се третираат во елаборатот.

Доколку инвеститорот на основата и проектот има стручњаци за ерозија или порои, со соодветна стручност, ако истите не ги работеле проектите, се земаат во комисијата како ревиденти, додека ако работеле на проектот присуствуваат на ревизијата како проектанти.

Стручњаците кои се земаат во комисијата бездруго треба да имаат положен стручен испит и најмалку три години практика во струката од материјата за која се определени како ревиденти по елаборатот.

Член 6

Ревизијата по правило се врши по извршениот увид на терен.

За извршување на теренски увид комисијата не е задолжителна да биде во полн состав.

ЗАВРШНИ СМЕТКИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

БИЛАНС
НА ОПШТИОТ ДЕЛОВЕН СОЈУЗ, КОЧАНИ
на ден 31-XII-1956 година

Актива

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Основни и издвоени средства	
1.	Основни средства	6.227
2.	Инвестиции во тек	—
3.	Издвоени средства и други инвестициони средства	1.921
	Б. Обртни средства	
4.	Вкупни обртни средства	19.329
	В. Средства во пресметка и друга актива	
5.	Купувачи и други побарувања . .	61.036
6.	Друга актива	62
	Г. Финансиски резултат	
7.	Распоредена добивка	—
8.	Загуба	—
	ВКУПНО:	88.575

Пасива

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Извори на основните и издвоените средства	
1.	Фонд на основните средства . .	3.598
2.	Долгорочен кредит за довршените инвестиции	2.630
3.	Разни фондови	2.232
4.	Долгорочен кредит за финансирање на инвестициите	—
5.	Други извори за финансирање на инвестициите	—
	Б. Извори на обртните средства	
6.	Банка — кредит за обртни средства	61.414
7.	Фонд на обртните средства	—
8.	Пасивни временски разграничувања	—
	В. Извори на средствата во пресметка и друга пасива	
9.	Добавувачи и други обврски . . .	18.673
10.	Друга пасива	28
	Г. Финансиски резултат	
11.	Добивка	—
12.	Покритие на загубата	—
	ВКУПНО:	88 575

ИЗВОД ОД ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО 1956 ГОДИНА

Општиот деловен сојуз во Кочани е основан од страна на земјоделските и општите земјоделски задруги од територијата на Кочанска, Виничка и Облешевска општина, во септември 1956 год. а со работа отпочна на 1-X-1956 год. кога е и регистриран. Инаку, со основни и почетни обртни средства, Општиот деловен сојуз — Кочани се здоби од фузионираното задружно трговско претпријатие „Орач" во Кочани.

Сојузот е оформен со задача на своите членки-задруги да им укажува конкретна помош преку економското организирање на земјоделското производство. Но бидејќи и деловниот сојуз е стопанска организација и во поглед на формирањето и расподелбата на вкупниот приход во сé е изедначен со другите стопански организации, тој мораше своето работење да го насочи кон остварување на приходи. Затоа во работењето на Општиот деловен сојуз во 1956 год. трговската дејност беше најмногу засгапена.

Планираната реализација главно е извршена. Таа изнесува 176.024.418 динари. Остварената разлика во цени изнесува 9,507.068 дин. или 5% од извршената реализација. Вкупниот приход за расподелба беше 10,669.561 динари. Овој приход беше доволен за покривање на сите трошоци, додека пак добивка не е пресметувана, бидејќи претходно со позитивната разлика е закриена загубата на фузионираното трговско претпријатие „Орач" — Кочани, која изнесуваше 1,724.110 динари.

Како новооформена стопанска организација, Општиот деловен сојуз во 1956 год. наидуваше на некои тешкотии, но тие не влијаеја на финансискиот резултат. Благодарејќи на залагањето на сите членови на колективот, и покрај кусиот период, Општиот деловен сојуз — Кочани постигна добар успех и афирмација. (144)

БИЛАНС

НА ПРОЕКТАНСКОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА МАКЕДОНИЈА „ПРОЕКТАНТ", СКОПЈЕ

Актива — на ден 31-XII-1956 година — **Пасива**

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин
	А. Основни и издвоени средства	
1.	Основни средства	16.989
2.	Инвестиции во тек	—
3.	Издвоени средства и други инвестициони средства	5.338
	Б. Обртни средства	
4.	Вкупни обртни средства	2.120
	В. Средства во пресметка и друга актива	
5.	Купувачи и други побарувања	9.925
6.	Друга актива	3.228
	Г. Финансиски резултат	
7.	Распоредена добивка	8.708
8.	Загуба	—
	ВКУПНО:	46.308

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Извори на основните и издвоените средства	
1.	Фонд на основните средства	16.989
2.	Долгорочен кредит за довршените инвестиции	—
3.	Разни фондови	5,720
4.	Долгорочен кредит за финансирање на инвестициите	—
5.	Други извори за финансирање на инвестициите	—
	Б. Извори на обртните средства	
6.	Банка — кредит за обртни средства	10,614
7.	Фонд на обртните средства	—
8.	Пасивни временски разграничувања	—
	В. Извори на средствата во пресметка и друга пасива	
9.	Добавувачи и други обврски	4.277
10.	Друга пасива	—
	Г. Финансиски резултат	
11.	Добивка	8.708
12.	Покритие на загубата	—
	ВКУПНО:	46.308

ИЗВОД ОД ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО 1956 ГОДИНА

По планот за 1956 год. беше предвидено да се реализираат 69,000.000 дин. проектантски услуги со 96 службеника или планирано за еден службеник годишно 718.750 дин. реализација. Од завршната сметка за оваа година се гледа дека има остварено 59,222.682 дин. со просечен број запослени 86 или 688.636 дин. просечно за еден службеник, односно спрема предвиденото помалку за 4%. Планот значи е остварен со 85,82%. Но ако го сведеме планираниот број на службеници на оној број службеници со кои е работено во 1956 година, ќе видиме дека планот за оваа година е исполнет со 95,81%.

Обртните средства со кои располагаше претпријатието во 1956 година беа доволни за непречено одвивање на неговата работа. (169)

БИЛАНС

НА РАБОТНАТА ЗЕМЈОДЕЛСКА ЗАДРУГА „ПРОГРЕС", С. ЧЕШИНОВО — ШТИПСКО

на ден 31-XII-1955 година

Актива

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Основни и издвоени средства	
1.	Основни средства	28.494
2.	Инвестиции во тек	—
3.	Издвоени средства и други средства за инвестиции	2.091
	Б. Обртни средства	
4.	Вкупни обртни средства	6.610
	В. Средства во пресметка и друга актива	
5.	Купувачи и други побарувања	9.780
6.	Друга актива	682
	Г. Финансиски резултат	
7.	Распоредена добивка	463
8.	Загуба	707
	ВКУПНО:	48.827

Пасива

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Извори на основните и издвоените средства	
1.	Фонд на основните средства	18.623
2.	Долгорочен кредит за довршување инвестиции	1.351
3.	Разни фондови	2.638
4.	Долгорочен кредит за финансирање инвестиции	—
5.	Други извори за финансирање инвестиции	8,520
	Б. Извори на обртните средства	
6.	Банка — кредит за обртни средства	9.985
7.	Фонд на обртните средства	95
8.	Пасивни временски разграничувања	423
	В. Извори на средствата во пресметка и друга пасива	
9.	Добавувачи и други обврски	6 729
10.	Друга пасива	—
	Г. Финансиски резултат	
11.	Добивка	463
12.	Покритие на загубата	—
	ВКУПНО:	48.827

БИЛАНС

НА ИНВАЛИДСКОТО ЗАНАЕТЧИСКО ПРОИЗВОДИТЕЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „БИЛЈАНА", СКОПЈЕ

на ден 31-XII-1956 година

Актива

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Основни и издвоени средства	
1.	Основни средства	19.008
2.	Инвестиции во тек	—
3.	Издвоени средства и други инвестициони средства	4.153
	Б. Обртни средства	
4.	Вкупни обртни средства	7.207
	В. Средства во пресметка и друга актива	
5.	Купувачи и други побарувања	1.875
6.	Друга актива	3.047
	Г. Финансиски резултат	
7.	Распоредена добивка	—
8.	Загуба	—
	ВКУПНО:	35.290

Пасива

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Извори на основните и издвоените средства	
1.	Фонд на основните средства	19.008
2.	Долгорочен кредит за довршените инвестиции	—
3.	Разни фондови	5.126
4.	Долгорочен кредит за финансирање на инвестициите	—
5.	Други извори за финансирање на инвестициите	—
	Б. Извори на обртните средства	
6.	Банка — кредит за обртни средства	4.871
7.	Фонд на обртните средства	200
8.	Пасивни временски разграничувања	—
	В. Извори на средствата во пресметка и друга пасива	
9.	Добавувачи и други обврски	4.434
10.	Друга пасива	1,651
	Г. Финансиски резултат	
11.	Добивка	—
12.	Покритие на загубата	—
	ВКУПНО:	35.290

ИЗВОД ОД ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА ВО 1956 ГОДИНА

Инвалидското занаетчиско производително претпријатие „Билјана", Скопје, е основано во 1952 г. и преку своите формирани погони произведува сода-вода, слатки, а го има хотелот „Сплендид" и преставништво на јагленова киселина.

За извршување на планот претпријатието располагаше со основни средства 26,285.078 дин. а покрај тоа користеше постојан кредит од 57,793.919 дин. Планирано беше реализација од 50,000.000 дин. така што планот е натфрлен за 7,793.919 динари.

Остварениот вкупен приход од 57,793.919 дин. е распределен на материјални трошоци 31,173.031 дин. други услуги 4,482.902 дин., амортизација 1,432.069 дин., придонес на општествената заедница 1,012.958 дин., плати 10,088.865 дин., придонес за социјално осигурување 4,021.899 дин., придонес за станбена изградба 944.622 дин. и добивка од 4,627.573 дин. (72)

БИЛАНС
НА ФАБРИКАТА ЗА ДРВНА ИНДУСТРИЈА „ТРЕСКА", СКОПЈЕ
на ден 31-XII-1956 година

Актива

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Основни и издвоени средства	
1.	Основни средства	131.040
2.	Инвестиции во тек	13.947
3.	Издвоени средства и други средства за инвестиции	36.567
	Б. Обртни средства	
4.	Вкупни обртни средства	258.579
	В. Средства во пресметка и друга актива	
5.	Купувачи и други побарувања	29.477
6.	Друга актива	65.560
	Г. Финансиски резултат	
7.	Распоредена добивка	7.385
8.	Загуба	—
	ВКУПНО:	542 555

Пасива

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Извори на основните и издвоените средства	
1.	Фонд на основните средства	65.884
2.	Долгорочен кредит за довршување инвестиции	65.156
3.	Разни фондови	33.414
4.	Долгорочен кредит за финансирање инвестиции	—
5.	Други извори за финансирање инвестиции	14.360
	Б. Извори на обртните средства	
6.	Банка — кредит за обртни средства	147.388
7.	Фонд на обртните средства	140.283
8.	Пасивни временски разграничувања	5.588
	В. Извори на средствата во пресметка и друга пасива	
9.	Добавувачи и други обврски	62.985
10.	Друга пасива	112
	Г. Финансиски резултат	
11.	Добивка	7.385
12.	Покритие на загубата	—
	ВКУПНО:	542 555

ИЗВОД ОД ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА ВО 1956 ГОДИНА

Производствениот план на фабриката „Треска" во 1956 г. е исполнет со 111% а во споредба со 1955 г. е зголемен со 25%.

Ова зголемување се должи главно на подобрувањето на организацијата на работата воопшто, како и на воведувањето на колективни норми по фази, на примената на некои новитети во технолошкиот процес на производството, на зголемената продуктивност на трудот и др.

Планот на реализацијата е исполнет само со 87%.

Потфрленоста на реализацијата е последица од неискористување на капацитетот на пиланата поради тоа што фабриката беше спречена да го експлоатира предвидениот шумски комплекс „Лисец" (кој наместо на „Треска" му беше даден на Шумското стопанство — Скопје), така што пиланата остана без суровини.

Своите производи фабриката ги пласира во земјата и странство. Пласманот во земјата се врши главно преку продавниците на фабриката.

Работата во текот на годината се одвиваше нормално, но се чувствуваше недостиг на обртните средства. Изгледите за иднина се оцртуваат како многу поволни, особено по извршениот еден дел од предвидената реконструкција и проширување на досегашниот капацитет на фабриката, а при позитивно решение на прашањето за обртните средства.

(167)

БИЛАНС
НА ТРГОВСКИОТ ДУЃАН ЗА ПРОМЕТ СО КОЛОНИЈАЛНИ СТОКИ НА МАЛО „СОГЛАСИЕ" — СКОПЈЕ
на ден 31-XII-1956 година

Актива

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Основни и издвоени средства	
1.	Основни средства	154
2.	Инвестиции во тек	—
3.	Издвоени средства и други инвестициони средства	964
	Б. Обртни средства	
4.	Вкупни обртни средства	6.474
	В. Средства во пресметка и друга актива	
5.	Купувачи и други побарувања	184
6.	Друга актива	—
	Г. Финансиски резултат	
7.	Распоредена добивка	178
8.	Загуба	—
	ВКУПНО:	7.954

Пасива

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Извори на основните и издвоените средства	
1.	Фонд на основните средства	154
2.	Долгорочен кредит за довршените инвестиции	—
3.	Разни фондови	996
4.	Долгорочен кредит за финансирање на инвестициите	—
5.	Други извори за финансирање на инвестициите	—
	Б. Извори на обртните средства	
6.	Банка — кредит за обртни средства	3.414
7.	Фонд на обртните средства	—
8.	Пасивни временски разграничувања	—
	В. Извори на средствата во пресметка и друга пасива	
9.	Добавувачи и други обврски	3.182
10.	Друга пасива	208
	Г. Финансиски резултат	
11.	Добивка	—
12.	Покритие на загубата	—
	ВКУПНО:	7.954

БИЛАНС
НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО СТОПАНСТВО „ОВЧЕ ПОЛЕ", С. ЦУМАЈЛИЈА ШТИПСКА ОКОЛИЈА
на ден 31-XII-1956 година

Актива

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Основни и издвоени средства	
1.	Основни средства	78.256
2.	Инвестиции во тек	11.033
3.	Издвоени средства и други инвестициони средства	933
	Б. Обртни средства	
4.	Вкупни обртни средства	28.596
	В. Средства во пресметка и друга актива	
5.	Купувачи и други побарувања	2.420
6.	Друга актива	14.428
	Г. Финансиски резултат	
7.	Распоредена добивка	—
8.	Загуба	4.000
	ВКУПНО:	126.666

Пасива

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Извори на основните и издвоените средства	
1.	Фонд на основните средства	43.862
2.	Долгорочен кредит за довршените инвестиции	32.829
3.	Разни фондови	1.862
4.	Долгорочен кредит за финансирање на инвестиции	11.098
5.	Други извори за финансирање на инвестициите	1.500
	Б. Извори на обртните средства	
6.	Банка — кредит за обртни средства	16.500
7.	Фонд на обртните средства	—
8.	Пасивни временски разграничувања	595
	В. Извори на средствата во пресметка и друга пасива	
9.	Добавувачи и други обврски	18.429
10.	Друга пасива	—
	Г. Финансиски резултат	
11.	Добивка	—
12.	Покритие на загубата	—
	ВКУПНО:	126.666

ИЗВОД ОД ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА ВО 1956 ГОДИНА

Ова стопанство во деловната 1956 година се занимаваше со производство на земјоделски и сточарски производи, со бруто продукт 46,181.483 дин. Во оваа година се покажаа прилично добри резултати иако беше сушна година. Спрема фактичните трошоци и бруто-продуктот доаѓа чиста печалба во износ од 6,970.018 дин. Измирени се обврските спрема работниците и службениците 100%.

Кога би ја вклучиле траншата на ануитетите тогаш стопанството доаѓа во загуба 4,000.458 дин. како што е искажано во табелата. Тешкотиите идат поради отплатата на ануитетите.

Со оглед на тоа доспеваа големи транши за отплата. (150)

БИЛАНС

НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО ЗА ИЗРАБОТКА НА СИТЕ ВИДОВИ КИЛИМИ „МАНЧУ МАТАК", КРУШЕВО

Актива — на ден 31-XII-1956 година — **Пасива**

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Основни и издвоени средства	
1.	Основни средства	7.727
2.	Инвестиции во тек	246
3.	Издвоени средства и други инвестициони средства	7.782
	Б. Обртни средства	
4.	Вкупни обртни средства	58.455
	В. Средства во пресметка и друга актива	
5.	Купувачи и други побарувања	637
6.	Друга актива	8
	Г. Финансиски резултат	
7.	Распоредена добивка	—
8.	Загуба	15
	ВКУПНО:	74.870

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин
	А. Извори на основните и издвоените средства	
1.	Фонд на основните средства	7.728
2.	Долгорочен кредит за довршените инвестиции	—
3.	Разни фондови	6.733
4.	Долгорочен кредит за финансирање на инвестициите	—
5.	Други извори за финансирање на инвестициите	246
	Б. Извори на обртните средства	
6.	Банка — кредит за обртни средства	11.000
7.	Фонд на обртните средства	27.956
8.	Пасивни временски разграничувања	—
	В. Извори на средствата во пресметка и друга пасива	
9.	Добавувачи и други обврски	21.192
10.	Друга пасива	—
	Г. Финансиски резултат	
11.	Добивка	—
12.	Покритие на загубата	15
	ВКУПНО:	74 870

ИЗВОД ОД ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА ВО 1956 ГОДИНА

Во текот на 1956 год. Претпријатието броеше просечно 120 работници и службеници (работници 105, службеници 15).

Работничкиот совет броеше 20 члена. Поглавни прашања што ги разгледуваше работничкиот совет во текот на годината се: работата во претпријатието производствениот план, нормите, квалитетот и асортиманот на производите.

Главна пречка за одвивање на работата беа големите залихи на готови производи во износ од 40,189.000 динари, во поголем износ некурентни готови производи, печатени шамии и некурентни хемиски бои. Претпријатието користеше редовен кредит во висина до 27,956.000 исто така и дополнителен кредит во висина од 11,000.000 дин.

Претпријатието имаше на почетокот на годината основни средства во износ од 4,037.641 дин., во текот на годината набавени се основни средства 5,669.798 дин. Набавена е влачарница и предилница, но оваа во оваа година не работеше поради недостиг на некои делови.

Со суровина (преѓа) претпријатието се снабдуваше од фирмите „Кооперативa" — Скопје и килими и јамболии во Битола.

Претпријатието во текот на годината оствари промет од 26,342.503 динари. Остварената загуба во износ од 15.116 дин., се покри од резервниот фонд на претпријатието. (141)

БИЛАНС
НА ФАБРИКАТА ЗА ТУЛИ И КЕ РАМИДИ „РЕКОРД" — СТРУГА
на ден 31-XII-1956 година

Актива

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Основни и издвоени средства	
1.	Основни средства	19.194
2.	Инвестиции во тек	185
3.	Издвоени средства и други средства за инвестиции	2.092
	Б. Обртни средства	
4.	Вкупни обртни средства	4.934
	В. Средства во пресметка и друга актива	
5.	Купувачи и други побарувања	435
6.	Друга актива	2.196
	Г. Финансиски резултат	
7.	Распоредена добивка	2.478
8.	Загуба	—
	ВКУПНО:	31 514

Пасива

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Извори на основните и издвоените средства	
1.	Фонд на основните средства	19.194
2.	Долгорочен кредит за довршување инвестиции	—
3.	Разни фондови	2.242
4.	Долгорочен кредит за финансирање инвестиции	—
5.	Други извори за финансирање инвестиции	185
	Б. Извори на обртните средства	
6.	Банка — кредит за обртни средства	6.710
7.	Фонд на обртните средства	—
8.	Пасивни временски разграничувања	—
	В. Извори на средствата во пресметка и друга пасива	
9.	Добавувачи и други обврски	705
10.	Друга пасива	—
	Г. Финансиски резултат	
11.	Добивка	2 478
12.	Покритие на загубата	—
	ВКУПНО:	31 514

БИЛАНС
НА УГОСТИТЕЛСКОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ПОБЕДА", СКОПЈЕ
на ден 31-XII-1956 година

Актива

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Основни и издвоени средства	
1.	Основни средства	1.974
2.	Инвестиции во тек	—
3.	Издвоени средства и други инвестициони средства	4.276
	Б. Обртни средства	
4.	Вкупни обртни средства	5.854
	В. Средства во пресметка и друга актива	
5.	Купувачи и други побарувања	23
6.	Друга актива	255
	Г. Финансиски резултат	
7.	Распоредена добивка	478
8.	Загуба	—
	ВКУПНО:	12.860

Пасива

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Извори на основните и издвоените средства	
1.	Фонд на основните средства	1.974
2.	Долгорочен кредит за довршените инвестиции	4.896
3.	Разни фондови	—
4.	Долгорочен кредит за финансирање на инвестициите	—
5.	Други извори за финансирање на инвестициите	—
	Б. Извори на обртните средства	
6.	Банка — кредит за обртни средства	1.021
7.	Фонд на обртните средства	—
8.	Пасивни временски разграничувања	—
	В. Извори на средствата во пресметка и друга пасива	
9.	Добавувачи и други обврски	1.812
10.	Друга пасива	2.679
	Г. Финансиски резултат	
11.	Добивка	478
12.	Покритие на загубата	—
	ВКУПНО:	12.860

ИЗВОД ОД ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА ВО 1956 ГОДИНА

Угостителското претпријатие-дукан „Победа" — Скопје е основан на 1-I-1954 год. и во својот состав ги има Ресторанот „Победа", кафеаната „Козјак", бифето „Театар", а со решението на НО на општината „Идадија" се приклучија и локалите: гостилницата „Гурман" и бифето „Станица" на 1-VII-1956 година.

Во текот на 1956 год. овој колектив оствари промет од динари 82,505.271 кој е остварен од угостителските услуги т. е. од храна, алкохолни и безалкохолни пијалоци.

Претпријатието користеше редовен кредит дин. 137.000 и дополнителен 884.000 дин. и оствари добивка од дин. 488.330 дин. која е распределена според постојните прописи.

Просечниот број на запослениот персонал изнесуваше 68 работници и службеници. Обврските спрема општествената заедница се измирени во целост и навреме. (149)

БИЛАНС
НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО ЗА ОБРАБОТКА НА ТУТУН „БОРИС КИДРИЧ", СТРУМИЦА
Актива на ден 31-XII-1956 година **Пасива**

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Основни и издвоени средства	
1.	Основни средства	101.983
2.	Инвестиции во тек	119.401
3.	Издвоени средства и други инвестициони средства	79.992
	Б. Обртни средства	
4.	Вкупни обртни средства	474.531
	В. Средства во пресметка и друга актива	
5.	Купувачи и други побарувања	123.404
6.	Друга актива	—
	Г. Финансиски резултат	
7.	Распоредена добивка	305.893
8.	Загуба	—
	ВКУПНО:	1,205.204

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Извори на основните и издвоените средства	
1.	Фонд на основните средства	101.983
2.	Долгорочен кредит за довршените инвестиции	—
3.	Разни фондови	89.906
4.	Долгорочен кредит за финансирање на инвестициите	82.143
5.	Други извори за финансирање на инвестициите	37.257
	Б. Извори на обртните средства	
6.	Банка — кредит за обртни средства	492.737
7.	Фонд на обртните средства	—
8.	Пасивни временски разграничувања	—
	В. Извори на средствата во пресметка и друга пасива	
9.	Добавувачи и други обврски	95.285
10.	Друга пасива	—
	Г. Финансиски резултат	
11.	Добивка	305,893
12.	Покритие на загубата	—
	ВКУПНО:	1,205.204

ИЗВОД ОД ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА ВО 1956 ГОДИНА

Од тутуните реколта 1955 год. кои се обработуваа во 1956 год. се откупени 1,425.881 кгр. за вредност од 488,180.375 дин. или по средна цена од 342 динари за еден кгр. По обработката на оваа количина на тутун е добиен финален продукт од 1,353.938 кгр. за вредност од 2.267,602.936 динари или е постигната средна продажна цена од 1.674 дин. по 1 кгр. Од вкупно добиен продукт реализиран во 1956 год. се продадени за извоз 902.832 кгр. за вредност од 1.857.399.688 дин. по средна цена од 2.060 дин., а за домашна фабрикација се продадени 452.106 кгр. за вредност од динари 410,203.248 по средна цена од 907 динари.

Изградбата на нов магазин со модерни и хигиенски работилници главно се реализира. Магазинот пред крајот на 1956 год. беше скоро во завршна фаза. Со градбата на овој магазин смештајниот простор се зголеми за 300 тони. Работилниците не се употребуваат бидејќи не се комплетни со климоуреди, за кое е готов целиот елаборат и им е доставен на меродавните за преглед и одобрување на инвестициони средства.

Со воведување на климоинсталацијата хигиенските условија ќе се подобрат, ќе се зголеми и продуктивноста на трудот. Наедно ќе се намали и калото при манипулацијата во суви и топли простории, а со тоа ќе се зголеми финансискиот продукт и ќе се постигне поголем финансиски резултат. (146)

БИЛАНС
НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО ЗА ОЏАЧАРСТВО „ОЏАЧАР" — СКОПЈЕ
на ден 31-XII-1956 година

Актива

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Основни и издвоени средства	
1.	Основни средства	149
2.	Инвестиции во тек	—
3.	Издвоени средства и други средства за инвестиции	124
	Б. Обртни средства	
4.	Вкупни обртни средства	473
	В. Средства во пресметка и друга актива	
5.	Купувачи и други побарувања	1.136
6.	Друга актива	480
	Г. Финансиски резултат	
7.	Распоредена добивка	—
8.	Загуба	60
	ВКУПНО:	2.422

Пасива

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Извори на основните и издвоените средства	
1.	Фонд на основните средства	149
2.	Долгорочен кредит за довршување инвестиции	—
3.	Разни фондови	149
4.	Долгорочен кредит за финансирање инвестиции	—
5.	Други извори за финансирање инвестиции	—
	Б. Извори на обртните средства	
6.	Банка — кредит за обртни средства	1.200
7.	Фонд на обртните средства	—
8.	Пасивни временски разграничувања	—
	В. Извори на средствата во пресметка и друга пасива	
9.	Добавувачи и други обврски	365
10.	Друга пасива	499
	Г. Финансиски резултат	
11.	Добивка	—
12.	Покритие на загубата	60
	ВКУПНО:	2.422

БИЛАНС
НА ТРГОВСКОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ТЕКСТИЛ", ПРИЛЕП
на ден 31-XII-1956 година

Актива

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Основни и издвоени средства	
1.	Основни средства	2.367
2.	Инвестиции во тек	519
3.	Издвоени средства и други инвестициони средства	2,540
	Б. Обртни средства	
4.	Вкупни обртни средства	62.147
	В. Средства во пресметка и друга актива	
5.	Купувачи и други побарувања	7.837
6.	Друга актива	—
	Г. Финансиски резултат	
7.	Распоредена добивка	168
8.	Загуба	—
	ВКУПНО:	75 578

Пасива

Ред. број	Назив на позицијата	Износ во 000 дин.
	А. Извори на основните и издвоените средства	
1.	Фонд на основните средства	2.367
2.	Долгорочен кредит за довршените инвестиции	—
3.	Разни фондови	3.155
4.	Долгорочен кредит за финансирање на инвестициите	519
5.	Други извори за финансирање на инвестициите	—
	Б. Извори на обртните средства	
6.	Банка — кредит за обртни средства	63.715
7.	Фонд обртни средства	—
8.	Пасивни временски разграничувања	502
	В. Извори на средствата во пресметка и друга пасива	
9.	Добавувачи и други обврски	4.889
10.	Друга пасива	263
	Г. Финансиски резултат	
11.	Добивка	168
12.	Покритие на загубата	—
	ВКУПНО:	75.578

ИЗВОД ОД ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА ВО 1956 ГОДИНА

Претпријатието е формирано на ден 1-I-1954 г. со решение на Народниот одбор на општината — Прилеп, а е регистрирано во Стопанскиот суд во Битола, под бр. 1073 од 20-I-1954 год.

Претпријатието во 1956 год. има остварено вкупен промет од 244,257.404 динари.

Сите обврски на претпријатието спрема општествената заедница се измирени во целост и навреме. (170)

БИЛАНС
НА ФАБРИКАТА ЗА САПУН И КОЗМЕТИКА „ЦВЕТАН ДИМОВ", СКОПЈЕ
на ден 31-XII-1956 година

Актива

Ред. број	Назив на позицијата	Износ
	А. Основни и издвоени средства	
1.	Основни средства	25.541
2.	Инвестиции во тек	79.773
3.	Издвоени средства и други инвестициони средства	30.202
	Б. Обртни средства	
4.	Вкупни обртни средства	257.819
	В. Средства во пресметка и друга актива	
5.	Купувачи и други побарувања	51.047
6.	Друга актива	23.722
	Г. Финансиски резултат	
7.	Распоредена добивка	5.566
8.	Загуба	—
	ВКУПНО:	473.670

Пасива

Ред. број	Назив на позицијата	Износ
	А. Извори на основните и издвоените средства	
1.	Фонд на основните средства	25.541
2.	Долгорочен кредит за довршените инвестиции	—
3.	Разни фондови	30.060
4.	Долгорочен кредит за финансирање на инвестициите	76.163
5.	Други извори за финансирање на инвестициите	3.610
	Б. Извори на обртните средства	
6.	Банка — кредит за обртни средства	28.399
7.	Фонд на обртните средства	227.728
8.	Пасивни временски разграничувања	6.397
